# ОСНОВНИ ПРАВИЛА ЗА ДОБИВАЊЕ ПОДАРОЦИ ИЛИ ИЗНЕНАДУВАЊА ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ПОВРЗАНИ СО КАМПАЊАТА #КУПУВАЈОПУШТЕНО ЗА E-COMMERCE ПЛАЌАЊА ОД СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ

## Правила за Фејсбук „На Ваша страна“:

Учесниците кои ќе одговараат (учествуваат) во неделните квизови на социјалната мрежа Facebook, потребно е да се корисници идентификувани на мрежата со име и презиме кое стои во нивниот документ за идентификација (пасош, лична карта) и да се фанови на профилот на Стопанска банка (*На ваша страна*). Администраторите ќе објавуваат квиз или друга форма на предизвик за фановите на профил страницата „На Ваша страна“ со јасни насоки како да се реализираат предизвиците и како ќе се изберат добитниците.

Добитниците кои ќе бидат избрани за добивање подарок/изненадување ќе бидат исконтактирани во приватна порака од страна на администраторот на страната “На ваша страна”.

Подароците ќе се доделуваат на крајот на неделата во која е објавен предизвикот. Добитниците ќе можат да си ги подигнат наградите во филијалата i-bank store покрај кејот на Вардар согласно информациите кои ќе ги добијат во приватна порака.

## Правила за Инстаграм @stopanskabanka:

Учесниците преку Instagram социјална мрежа потребно е да се фанови на официјланиот профил на банката @stopanskabanka кои би постирале под официјалниот хаштаг за наградната игра e-commerce #КупувајОпуштено во зададената временска рамка. Добитниците ќе се изберат по разгледување на најкреативните фотографии од страна на Дирекцијата за Маркетинг и Односи со Јавност и соодветно ќе бидат исконтактирани во лична порака преку социјалниот медиуми, од страна на официјалниот профил на Банката.

## Правила за Твитер @IbankStoreSTB:

Учесниците преку twitter социјалната мрежа ќе бидат повикани да твитаат со хаштагот #КупувајОпуштено и треба да го следат официјалниот профил на Банката на тој социјален медиум. @IbankStoreSTB. Најкреативните твитови под хаштагот #КупувајОпуштено или оние кои би добиле највеќе РТ и Фејвови, ќе бидат исконтактирани во лична порака од страна на официјалниот твитер на Банката за да остават лични податоци и да можат да ги подигнат наградите од i-bankstore филијалата на Банката.